# Ц Р В Е Н  К Р С Т  О Х Р И Д

**Предлог**

# И З В Е Ш Т А Ј
# за работа во 2018 година

**февруари 2019 г.**

## ВОВЕД

Годишниот извештај на Црвен крст Охрид за 2018 година ги содржи нашите клучни остварувања и резултати, нашите предизвици со кои се соочувавме, партнерите со кои соработувавме и корисниците на нашите услуги кои ги опфативме во текот на 2018 година.

Преку својата мрежа на волонтери со поддршка на вработените Црвен крст Охрид продолжи да биде присутен во секојдневието на луѓето кои се соочуваат со разни предизвици и успеа да ги разбуди насмевките и довербата кај оние кои живееа осамени. Црвен крст Охрид даде придонес во промовирањето на волонтерските иницијативи кај младите за да ја поттикне нивната желба за хуманитарна работа и позитивен исчекор во нивниот живот. Ги учевме младите за позитивните вредности во животот и инициравме нивно здружување за реализација на позитивни практики во нашата заедница.

Нашата организација даде посебен придонес во промовирање на безбедно живеење и спроведување на здравствено-превентивни активности за заштита на животот и здравјето на населението. Го промовиравме крводарителството и ги учевме луѓето како да укажуваат прва помош. Најмладите ги учевме како да се заштитат од разни болести и меѓусебно да се почитуваат. Бевме и во руралните средини и го учевме населението како да се справи со одредени здравствени предизвици кои се резултат на современиот живот.

Социјалните активности исто така беа суштински дел од нашата работа во изминатата година. Бевме со генерацијата во трето доба, бевме со децата на улица, со хендикепираните, со социјалните случаи, бездомниците, осамените...

Нашите едукативни и креативни програми за најмладите станаа препознатлив белег и успешна алатка за привлекување на волонтери и ширење на позитивните човечки вредности.

Работевме и дисеминација, спасување на вода и спасување на планина. Бевме активни во подигањето на свеста на населението за климатските промени и намалување на ризиците од катастрофи.
Нашите вработени и волонтери продолжија да бидат најблиските лица од доверба на кои може да смета населението во најразлични ситуации.

## ОРГАНИЗАЦИЈА ИРАЗВОЈ

2018 година ја оценуваме како успешна во која Црвен крст Охрид во целост ги реализира своите програмски определби, но и оствари бројни вонпрограмски активности со што уште еднаш го потврди своето водечко место како организација која се грижи за потребите на ранливото население.

### РАКОВОДЕЊЕ

Во текот на 2019 година беа одржани 7 седници на Раководниот одбор на Црвен крст Охрид,а Собранието на Црвен крст Охрид заседаваше 2 пати. Советодавните тела на Црвен крст Охрид со свои предлози и сугестии учествуваа во изготвување на програмата за работа на Црвен крст Охрид за 2019 г.

## ДИСЕМИНАЦИЈА и ПХВ

### ДИСЕМИНАЦИЈА

Во текот на извештајната година со дисеминација на знаењата за движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина беа опфатени преку 200 лица од сите возрасти, за што со своето искуство, знаење и посветеност се погрижија дисеминаторите на Црвен крст Охрид Љупчо Милковски, Славица Илиќ, Весна Терзиоска, Јованка Сион Доленц.

### НЕДЕЛА НА ЦРВЕН КРСТ

8 мај Светскиот ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина и Неделата на Црвениот крст и Црвената полумесечина од 8-15 мај, под мотото ІНасекаде за секогов Црвен крст Охрид ја одбележа со низа активности посветени на роденденот на големиот хуманист, основоположник на движењето на Црвениот крст, Анри Динан. Активностите започнаа со полагањена свежо цвеќе пред бистата на Анри Динан во седиштето на Црвен крст Охрид, а продолжија со отворен ИНФО ден за најмладите од предучилишните установи во Охрид кои ги посетија работните простории на Црвен крст Охрид. Во текот на Неделата на Црвениот крст беше реализирана успешна крводарителска акција со студентите и професорите на ФТУ, Охрид. И оваа година на

сите новороденчиња, родени во периодот од 8-15 мај, од страна на волонтерите на Црвен крст Охрид им беа доделени пригодни подароци.

**ЦКА-ПХВ циклус 2018**

Во рамките на Националната програма на Црвен крст на Р.Македонија, Црвен крст во акција-промоција на хумани вредности (ЦКА-ПХВ), која веќе 18 години се спроведува во Македонија, младите учат за културата како систем на вредности, за културата на дијалог како основен предуслов за градење на интеркултурно опшество, и при тоа се поттикнати да бидат активни и да изработуваат мали проекти за добробит на заедницата.

Во 2018 година во рамки на ПХВ циклусот на три последователни обуки беа обучени 45 младинци од средните и основните училишта во Охрид кои, предводени од дисеминаторот Георги Ставрески активно се вклучија во изработката на 6мали проекти со кои помогнаа на повеќе од 100 лица.

**ЦКА-ПХВ Шоу**

Охридската публика го исполна амфитеатарот на Факултетот за туризам и угостителство и уживаше во креативното и уникатно ПХВ ШОУ кое на 21.09.2018 го реализираа младинците на Црвен крст Охрид, учесници на овогодинешниот циклус на програмата Промоција на хумани вредности-Црвен крст во акција (ПХВ-ЦКА). Тие ги претставија 6-те проекти кои ги изработија како дел од програмата ЦКА-ПХВ и преку кои директно помогнаа 100 луѓе, обезбедувајќи апарати за домаќинство, средства за лекување, екскурзија, а се изработи и еколошко градско катче. Посебен сјај на ова ПХВ ШОУ дадоа дел од охридските херои, нашите познати сограѓани, успешни и докажани во својата област на делување Марко Пејчиноски, Владимир Четкар, Јован Цветкоски, Гордана Лолеска и Иван Цветкоски, кои пред присутните ги истакнаа своите успешни приказни и одржаа мотивациски говори.

Овој настан беше можност да се доделат благодарници на бројни поедиунци, фирми, институции кои ја помогнаа реализацијата на проектите

## ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНА ДЕЈНОСТ

**НЕДЕЛА НА СРЦЕВО-САДОВИ ЗАБОЛУВАЊА**

**Превенција за здрав живот**

Во рамки на своите здравствено-превентивни активности, а како дел од одбележување на Неделата на срцево-садови заболувања (21-28 февруари), Црвен крст Охрид организираше низа активности насочени кон превенција и заштита од срцево-садовите заболувања. На 26.02.2018 г. во просториите на Црвен крст Охрид, д-р Марија Зимбова, специјалист интернист, одржа предавање на тема Здраво срце Ђ Ваша цел. После тоа, тимовите за прва помош и парамедиците на Црвен крст Охрид даваа практични совети и техники за помош и самопомош при срцев напад, а заинтересираните добија бесплатни здравствено-превентивни прегледи-мерење на крвен притисок и ЕКГ.

Исто така др. Бранка Павловска од Заводот за кардиоваскуларни заболувања Охрид реализираше предавање за коронарно артериска болест за волонтерите и корисниците од програмата Грижа за стари лица "Најди времег на кое присутните можеа да се запознаат со ризик факторите и начините на превенција и заштита од болестите на срцето и крвните садови.

## Светски ден на РЕТКИ БОЛЕСТИ

Црвен крст Охрид беше делод глобалната кампања за Денот на ретките болести каде темата за оваа година беше вИстражувањег.Активностите беа насочени кон промоција и информирање на јавноста за лицата заболени од ретки болести и начинот за помош и поддршка на истите со изработка и делење на панделки. Централно случување беше одржување на Марш низ улиците на Охрид, на кој учество зедоа преку 300 ученици од основните и средните училишта во Охрид како и Сојузот на училишен спорт,кои дадоа поддршка на лицата заболени од ретки болести. Волонтерите од Клуб на млади на Црвен крст Охрид во рамки на интернет кампањата Ђ обоете го вашето лице со боите на Ретките Болести ги избоија

лицата, го поддржаја клубот на ретки болести на денот на ретките болести, а исто така изработија и видео за поддршка на лицата со ретки болести

**Светски ден на здравје**

Денот на здравјето 7-ми април се одбележа во соработка со Општина Охрид и основните училишта од Охрид, извидничкиот одред ІПионерв и секторот за превенција при СВР Охрид.Преку спортски игри учениците од основните училишта, како и најмладите од детската градинка, испратија порака за практикување на здрави навики за живеење како и против насилството и употреба на дрога, а волонтерите од Црвен крст Охрид презентираа техники за прва помош на дечињата од четврто одделение од основните училишта

**Бесплатни здравствено превентивни прегледи**

Во пресрет на празникот Илинден, а со цел превентивна грижа за здравјето на населението, особено за време на летниот период, Црвен крст Охрид на 1 август 2018 година, на Градскиот плоштад во Охрид во периодот од 16 Ђ 22 ч. вршеше бесплатни здравствено-превентивни прегледи.

Медицинските екипи на Црвен крст Охрид беа на располагање на сите заинтересирани охриѓани и гости кои имаат желба и потреба да направат основен здравствен преглед-мерење на крвен притисок, ЕКГ и добија корисни совети за заштита на своето здравје особено при високи температури на воздухот и исложеноста на сонце. Исто така, од тимовите на парамедици на Црвен крст Охрид беа презентирани вештини и техники на правилно укажување прва помош во различни ситуации. Волонтерите од Клуб на млади заедно со младите од други општински организации направија и хуманитарна свирка со цел намалување на ранливоста на социјално загрозените лица.

**Ноември-месец на превенција од болести на зависност**

Црвен крст на Република Македонија - Општинска организација според годишниот календар на активности активно се вклучи во одбележувањето на месец Ноември на борба против болестите на зависност (алкохолизам, никотинизам, наркоманија).

Со цел да се подигне јавната свест и едуцираноста на населението на штетноста од овие болести, се насочивме кон одржување на едукативни работилници со Поњер поинт презентација во основните училишта во Охрид и Дебрца. Одржани беа вкупно 9 работилници во сите општински училишта. Опфатени беа 332 ученици од осмо одделение. Предавањата ги спроведе Д-р Соња Стурлакова Димовска, лекар и обучен предавач на темата Болести на зависност.

**Светски ден за борба против ХИВ/СИДА**

Во рамки на светската кампања под мотото вДОЗНАЈ ГО СВОЈОТ СТАТУСг СИДА Црве нкрст Охрид ги одбележа 1-ви декември Светскиот ден за борба против СИДА и Неделата за борба против СИДА (1-7.12.2018г.) со бројни активности.

Со цел да се подигне нивото на свеста во јавноста за СИДА и изрази поддршка на оние кои што живеат со ХИВ, на 1 видекември во лонтерите на Црвен крст Охрид и ЗГ Опција Охрид на вработените и посетителите во градските кафулиња, маркети, продавници, ставаа црвени панделки како универзален симбол за свеста дека СИДА-та постои и како поддршка на оние кои живеат со СИДА, а беа делени и едукативни флаери за начинот на пренесување, превенција и заштита од инфекција со ХИВ вирусот.

Во текот на Неделатана борба против СИДА едукаторите за СИДА на Општинска организација Охрид реализираа интерактивни едукативни предавања, работилници и трибини за младите во просториите на Црвен крст Охрид и во училиштата. Во основните и средните училишта беа дистрибуирани типизирани предавања со цел учениците да се запознаат со основните знаења за вирусот на ХИВ, начин на пренесување и заштита. Со едукативни здравствено превентивни предавања беа опфатени основните училишта: ООУІХристо Узуновв и ООУІГригор Прличевв, како и средните училишта ОСУІКирил и Методијв, ОСУІСв Климент Охридскив, ОСУ ІВанчо Питошескив и ОСУІСв Наум Охридскив. Предавањата беа интерактивни и активно учествуваа околу 400 ученици. Во соработка со Центар за јавно здравје Охрид и ЗГ Опција Охрид се одржаа и едукативни работилници во казнено поправните установи во Охрид и Струга..

Активностите кои секоја година се организираат по повод Светскиот ден за борба против СИДА и Неделата на борба против СИДА имаат за цел да го свртат вниманието на јавноста за значењето на превенцијата и раното откривање на инфекцијата со ХИВ вирусот**.**

И оваа година активностите во кампањата за борба против ХИВ/СИДА се во соработка и поддржани од Цанадианс фор Цхилдрен ат Хеалтх Риск од Канада

**Светски ден за борба против Хепатитис**
И оваа година Црвен Охрид и Здружението Опција Охрид со поддршка на Општина Охрид го одбележаа 28 јули Светскиот ден за борба против вирусен хепатит и се приклучија кон Глобалната кампања за застапување и подигање на јавната свест за зголемување на дијагностиката и третманот на вирусен хепатитис.
Беа одржани едукативни работилници со целните групи на Опција Охрид-корисници на droги и сексуални работници во канцеларија и на терен, , едукативни работилници со спасители на вода, кои на плажите на општата популација поделија околу 500 флаери и кондоми, едукативна работилница за вирусен хепатит во ЈУ Затвор Охрид,
каде се поделија хигиенски пакети и едукативен материјал.

**Недела на хигиенизација**
По повод одбележување на Неделата на хигиенизација, Црвен крст Охрид одржа неколку едукативни предавања од страна на д-р Јованка Стурлакова Коровешоска за тоа како правилно да се одржува личната хигиена. Првото предавање се спроведе на 18 април на редовниот состанок на Клуб на млади на кое присуствуваа 55 волонтери, а следните три на 20 април во три објекти на Детската градинка Јасна Ристеска со кои беа опфатени 150 деца.

**Светски ден за лицата со Даунов синдром**
По повод Светскиот ден на лицата со Даунов синдром 21.03.2018, Општинска организација Охрид се приклучи кон поддршката за лицата со Даунов синдром со едукативно предавање кое го одржа Георги Ставрески Ђ соработник за прва помош, а потоа сите присутни волонтери во знак на поддршка се сликаа со шарени чорапи.

## КРВОДАРИТЕЛСТВО

**Реализација 2018**
Со реализирани 19 крводарителски акции и собрани 1349 крвни единици за 2018 година беа задоволени потребите за крв и крвни продукти на пациентите во здравствените институции во Охрид.

**17 март Денот на крводарителството во РМ**
Со пригодна свеченост во просториите на Црвен крст Охрид во присуство на крводарители, мотиватори, поддржувачи на крводарителството беше одбележан 17 март, Денот на крводарителството во Р.Македонија.
По тој повод беа доделени признанија на заслужни крводарители, институции, фирми кои беа вклучени во реализација на програмата за крводарителство во 2017 година.
Благодарници и плакети добија: за 75 крводарувања Борис Стојаноскиза, за 50 крводарувања Мате Матески, Владо Колески, Климе Пљакоски, Живко Ристески, Митко Јованоски, Рамадан Османоски. На 24 крводарители им беа доделени благодарници и значки за 25 дарувања крв, 81 крводарители добија благодарници и значки за 10 пати дарувана крв, а на 141 крводарители им беа доделени благодарници и значки за 5 крводарувања.
Највисокото признание **ПЛАКЕТА** за развој, унапредување и омасовување на крводарителството во Охрид и Дебарца, Црвен крст Охрид додели на НУЦК ІГригор Прличевв, ОЕМУЦ ІСв.Наум Охридскив, МПЦ ОА Дебарско-кичевска епархија, СВР Охрид.
Признанија за поддршка на крводарителските акции во 2018 добија локалните медиуми, бројни фирми иинституции.

## ПРВА ПОМОШ

Во текот на 2018 година беа реализирани 19 обуки по прва помош во работни организации на кои беа обучени 111 кандидати, како и 21 обуки по прва помош за кадидати за возачи на моторни возила на кои беа обучени 344 кандидати. Обуките по прва помош за кандидати во работни организации и за кандидати за возачи на моторни возила ги спроведуваат лиценцирани инструктори-тренери и демонстратори по прва помош, според соодветна програма за обука.

**47-ми ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР ПО ПРВА ПОМОШ**

47-от Општински натпревар по Прва Помош 2018 (ОНПП) во организација на Црвен крст на Република Македонија - Општинска организација Охрид , под мотото *Биди херој, укажи прва помош*, се одржа на 5 мај 2018 година на повеќе локации низ централното градско подрачје. Подготовките со менторите и екипите од училиштата започнаа во месец февруари 2018 година. Сите екипи поминаа по 3 блок часа работа и вежбање и со волонтери-демонстратори по прва помош на Црвен крст Охрид.

Поради големиот број на пријавени екипи, квалификациите за самиот натпревар се одржаа на 25 и 27 април2018 од 09,00 часот во просториите на Црвен крст Охрид. Сите пријавени екипи од исто училиште се оценуваа на еден идентичен пункт и екипата со најдобро покажани резултати го претставуваше училиштето на самиот натпревар. За квалификациите беа ангажирани 3 судии (лекари), 4 актери, 3 шминкери за реално прикажување повреди и 5 волонтери - логистика.

Број на пријавени екипи (23):

1. СОСУ Св. Кирил и Методиј - 1
2. ОСУ Св. Климент Охридски - 1
3. ОЕМУЦ Св. Наум Охридски - 1
4. ОУТУ Ванчо Питошески - 1
5. ОУ Григор Прличев - 2
6. ОУ Братство - 3
7. ОУ Живко Чинго - 1
8. ОУ Кочо Рацин - 2
9. ОУ Христо Узунов - 1
10. ОУ Дебарца - 4
11. ОУ Наум Охридски - 1
12. ОУ Ванчо Николески - 3
13. ОУ Климент Охридски - 2

На општинскиот натпревар учествуваа 11 екипи од кои 8 подмладок и 3 младина.
На неколку локации низ централното градско подрачје беа поставени 7 пунктови од кои 5 беа работни со повреди, 1 пункт за дисеминација и 1 за забава.
Ангажирани беа 25 судии (лекари), 14 водичи на екипи, 10 волонтери-шминкери на реални повреди, 24 актери, 10 волонтери-логистичка поддршка.
Резултати од натпреварот:

**Подмладок (основни училишта)**

1. ОУ Климент Охридски (769 освоени поени)
2. ОУ Кочо Рацин (743 овоени поени)
3. ОУ Григор Прличев (661 поен)

**Младина (средни училишта)**

1. СОСУ Св. Кирил и Методиј Ѓекономски (861 освоени поени)

2. ОСУ Св. Климент Охридски -гимназија(852 освоени поени)
3. ОУТУ Ванчо Питошески (640 освоени поени)

Екипата на СОСУ Св. Кирил и Методиј - Охрид зеде учество на Државниот натпревар по прва помош 2018 кој се одржа во Кичево, каде го освои14тото место.

**СВЕТСКИ ДЕН ПО ПРВА ПОМОШ**

По повод одбележување на Светскиот ден за Првата помош каде главна тема оваа година беше вНесреќи на патиштатаг на 08.09.2018г според претходно дадените насоки Црвен крст на Република Македонија-Општинска организација Охрид направи јавна презентација на демонстрирање на техники за укажување прва помош при повреди во сообраќајни незгоди.Настанот се одржа на платото пред Центарот за култура ІГригор Прличевв каде во периодот од 10-12 ч тимовите на парамедици од Општинска организација Охрид по претходно подготвени сценарија делуваа во симулирани несреќи кои најчесто се случуваат на патиштата.

**Врснички обуки за прва помош за младите волонтери**

ЦрвенкрстОхридвосоработкасоНационалниотздравственсервиснаХоландија, започнасобуказапарамедицисоредпрограмата ПХТЛС (Пре Хоспитал Траума Лифе Суппорт).обуката за парамедици според програмата ПХТЛС (Пре Хоспитал Траума Лифе Суппорт. Обука од овој вид, според европските стандарди и протоколи, за прв пат се спроведе во Охрид во септември 2016 година каде за потребите на Црвен крст Охрид беа обучени 16 парамедици. Во овој циклус кој се реализира во месеците септември и октомври 2018, 11 волонтери на Црвен крст Охрид претходно избрани според посебни критериуми од страна на инструктори-парамедици од Националниот здравствен сервис на Холандија во соработка со Црвен крст Охрид и Општинското средно медицинско училиште Кирил и Методиј од Охрид, ги совладуваа најсовремените знаења, вештини и техники во справување со најсложени ситуации и интервенции на укажување на прва помош, третман и реанимација на повредени. Со високо професионален пристап, најсовремена опрема и нагледни средства, вештините им ги презентираа тројца инструктори парамедици од Националниот Здравствен Сервис на Холандија.

**Извидничка смотра**

Во период од 14 до 22 јули, кај црквата Св.Богородица кај Скребатно се одржа 12-та по ред смотра во организација на Сојузот на извидници на Македонија каде учествуваат извидници и истражувачи на возраст од 11 до 18 години од Македонија и светот. На овој настан зедоа учество и волонтерите на Црвен крст Охрид кои на 16.07 и 17.07 одржаа работилници на кои на извидниците им беше прикажани вештини за укажување прва помош

**Превенција од петарди**

Под мотото ІБиди свезда не фрлај петардив, СВР Охрид во соработка со Црвен крст Охрид одржа едукативни предавања ІРизици од употреба на пиротехнички средствав.Во рамките на кампањата, полициски службеници од одделенијата за превенција заедно со волонтерите од ЦрвенкрстОхрид, ги посетија основните училишта во општина Охрид и на најмладите им укажаа на опасностите од пиротехничките средства што можат да се предизвикаат поради користење нелегална пиротехника, незнаење и невнимание при употребата што може да има фатални последици.

Целта на кампањата е едукација и подигнување на јавната свест кај граѓаните, посебно кај младата популација за опасностите од нелегална употреба на петардите и друга пиротехника. Во рамките на кампањата ќе бидат нагласени начините на превенција како и казнените законски одредби за неовластена употреба на пиротехнички средства на јавно место што претставува општа опасност со која се загрозува сигурноста на граѓаните.

**Пливачки маратони**

На 25.08.2018 год се одржа 32-то издание на Охридскиот пливачки маратон на кој што како и секоја година Црвен крст Охрид се вклучи со своја екипа за медицинските прегледи на пливачите, логистичка поддршка на маратонот како и медицинска поддршка во тек на целиот маратон каде што имаше и две интервенции.

Со свои екипи за прва помош Црвен крст Охрид во периодот беше во поддршка и на 39тиот Илинденски пливачки маратон Охрид 2018 и Македонски куп во далечинско пливање 2.5км Ђ вЛеко Радиќг на 02.08.2018,

Интернационален олимписки пливачки маратон 10км Охрид 2018 на 11.08.2018 и Пливачкиот маратон вЛеко Радиќг на 10 км на 18.08.2018

**Атлетски маратон**
На 08.09.2018 год се одржа 32-то издание на Меѓународен атлетски маратон од Свети Наум до Охрид во должина на 30 километри и рекреативна трка на 5км под името IПрва Трка на Независноств на кој што Црвен крст Охрид се вклучи со своја екипи за медицинска поддршка во тек на целиот маратон каде што имаше и неколку интервенции.

## СОЦИЈАЛНО - ХУМАНИТАРНА ДЕЈНОСТ

**НЕДЕЛА НА БОРБА ПРОТИВ ГЛАДТА**
Традиционалната хуманитарна акција за Денот и Неделата на борба против гладта 16-21 октомври и овој пат во соработка со Општина Охрид и со успешна реализација. На апелот за собирање на прехрамбени производи и средства за хигиена наменети за социјално најзагрозените семејства од Охрид се одзваа голем број училишта, фирми, институции, здруженија и поединци. Како резултат на покажаната хуманост на охриѓани и високата општествена одговорност на фирми и институции, беа собрани и набавени околу 2 тона прехрамбени производи и средства за хигиена и изготвени и поделени 150 хуманитарни пакети и беше помогнато на исто толкав број социјално загрозени семејства.

**ХУМАНОСТА НА ДЕЛО**
Голем број хуманитарни настани, концерти, забави, изложби во организација на Црвен крст Охрид во 2018имаа единствена цел да се соберат средства за најразличен вид на помош на ранливите категории на граѓани.Во подготовката и реализацијата на овие хуманитарни настани учествуваа волонтери од сите возрасти и програми на Црвен крст Охрид кои со својата креативност, вештини и посветеност допринесоа за успешност на акциите. Секако, во реализација на хуманитарните настани ја истакнуваме и вклученоста и поддршката на бројните охридски музички ѕвезди.
Средствата собрани во собирните каси на Црвен крст Охрид придонесоа за радосни Новогодишни празници да имаат и децата од ранливите категории во Охрид.

**НЕДЕЛА НА СОЛИДАРНОСТ**
Црвен крст Охрид ја одбележа Неделата на солидарност 16-22 април под мотото вВашиот прилог-значајна помошг. Во текот на неделата беа организирани и спроведени активности кои ни беа дадени како препораки - посетени домови, собирни штандови во маркети и плоштад, медиумска покриеност, анимирана широка популација на граѓани , фирми , институции и училишта.
Беа вклучени 14 волонтери од Општинска организација Охрид кои што посетија 100 домови, 60 семејства беа донатори и вкупно се донираа и се собраа 250 кг. храна, 100 кг. хигиенски производи, 1600 кг. облека, 350 пара обувки и сл., од кои се поделија вкупно 25 пакети со храна и хигиенски производи, ќебиња, детски пелени, играчки, обувки, облека и др.

**ГРИЖА ЗАСТАРИ ЛИЦА**
Програмата на грижа за стари лица на Црвен крст Охрид ја спроведуваат 20 возрасни волонтери на Црвен крст Охрид кои со подршка на стручната служба опслужуваат повеќе од 50 стари лица (свои врсници) во Охрид и Дебарца со обезбедување на најразлична помош. Групата волонтери за поддршкана старите лица со своето искуство од различни области на живеењето, своите вештини и креативност беа вклучени во голем број хуманитарни настани кои ги реализира Црвен крст Охрид.
Во рамки на одбележување на вНеделата на грижа на стари лицаг(19-25 ноември) Црвен крст на Република Македонија-Општинска организација Охрид под мотото вСите сме нивни децаг со бројни активности ја одбележа Неделата. Беа посетени старите лица од програмата вНајди времег и им беа направени превентивни здравствени прегледи (ЕКГ, гликоза, крвен притисок). На социјално-ранливите категории на стари лица поделена беше и помош во храна.
Во просториите на општинска организација Охрид на волонтерите и корисниците од програмата-Грижа за стари лица вНајди времег др.Јованка С. Коровешоска им одржа едукативно предавање на тема: I Заштита од грипг .

Волонтерите на Клубот на млади при Црвен Крст- Охрид во текот на неделата низ централното градско подрачје делеа едукативни материјали - флаери за здравиот начин на живот и правата на социјална заштита на старите лица.

**Меѓународен ден на стари лица**
Во рамки на одбележување на 1-ви октомври Ђ Меѓународниот ден на стари лица, а на иницијатива на корисниците и волонтери од Програмата Ђ Грижа за стари лица -вНајдивремег од Црвен крст Охрид беше објавен конкурс за поетски, прозни и ликовни творби на тема ІТоплите прегратки на баба и дедов. На конкурсот беа пријавени 83 литературни и 33 ликовни творби од сите средни и основни училишта од општина Охрид и Дебрца, а свеченото доделување на благодарниците и наградите се одржа на 19 ноември како почеток на активностите предвидени за одбележување на Неделата на грижа за стари лица.

**ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ**
Црвениот крст на Република Македонија изминатите години активно дејствува на полето Трговија со луѓе со акцент на подобрување на превенцијата на трговија со луѓе во земјата преку зајакнување на капацитетите и подигање на свеста кај младата популација за сите форми на трговија со луѓе.
Во однос на тоа во период од 13-15.09.2018 беа обучени врснички едукатори од Општинска организација Охрид кои имаа обврска да спроведат три информативни работилници. На 19.09. и 20.09. беа спроведени две едукативни работилници со ученици од основно училиште вДебарцагво с.Мешеишта, Дебарца и ученици од ОСУ вСв.Климент ОхридскигОхрид, а на 24.09. се одржа и информативната работилица со лица од локалната самоуправа во Охрид.
По повод одбележување на Европскиот ден за борба против трговијата со луѓе, врснички едукатори од Црвен крст на Република Македонија-Општинска организација Охрид на ден 18.10.2018 година одржаа три работилници. Работилниците беа со времетраење од еден час и тоа првата во СОСУ ІСв. Кирил и Методијв со 25 средношколци а другите две во ОУ ІСв. Климент Охридскив со две групи од 15 и 19 ученици
Врснички едукатори на овие работилници беа Магдалена Апостолоска, Кирил Тофилоски и Михаела Протуѓер, волонтери во Општинска организација Охрид.

**Активни тимовите за социјална помош и поддршка**
Пружена социјална помош и поддршка на семејства на опожарени објекти во Охрид, лица кои останаа без објект за домување беа помагани од волонтерите на Црвен крст Охрид преку целата година.

**Бесплатен одмор за деца од социјален ризик**
Во организација на Министерсто за труд и социјална политика на децата од семејствата со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток им беше овозможено бесплатен одмор и рекреација во Детското одмаралиште ІБегова Корија в-Крушево во периодот од 17-22.01.2018 година .За време на зимскиот одмор и рекреација се ангажира волонтер од Црвениот крст Охрид кој се грижеше за децата од самото тргнување до враќање на децата во своите градови, Валентина Караѓуле Модева. Истотака, истиот волонтер беше ангажиран, за втора смена на бесплатен одмор на деца во одмаралиштетоІМајскиЦветв Ђ Стругавопериодод 07-13.07.2018година.

**Дружење во Велестово**
Ворамкитенасвоитепредвиденипрограмскиактивности, корисницитеиволонтериодПрограмата - Грижазастарилица вНајдивремегодЦрвенкрстОхридзаедносопретставнициодЗдружениетонапензионеринаОхридиДебрцаиПХВволонтериимааеднодневнодружењевоЕдукативниоттренингцентарнаОпштинскаорганизацијаОхридвос.Велестово

**Посета на Охрид**

Хуманиот гест на охриѓанецот Славчо Филипче во организација со Црвен крст на Охрид му овозможи на младиот Марко кој е аутистично момче да му се исполни големата желба за прв пат да го посети Охрид. Семејството Филипче ширум обезбеди сместување за Марко и неговата мајка од 11 до 14 јуни, а Општинска организација Охрид, хумани луѓе и донатори обезбедија средства за покривање на трошоците за престојот во Охрид за време на кој Марко ги посети Св. Наум, Заливот на коските, Струга и други места.

**Хуманитарна продажба**
Во рамки на своите хуманитарни активности Црвен крст Охрид во соработка со компанијата Комфи Ангел од Прилеп организираше хуманитарна продажна акција на високо квалитетните производи на оваа реномирана компанија, која се реализираше на 18.08.2018 на плоштадот ІКрушевска Републикав (Чинар). Во периодот од 9-17 ч. беа изложени познатите производи на Комфи Ангел, постелнини, перници, јоргани, душеци и др., а посетителите имаа можност истите да ги набават по симболични, промотивно-хуманитарни цени. Дел од средствата собрани од продажбата на производите беа наменети за помош на ранливите категории на граѓани на Охрид.

**Ден на планетата Земја**
По повод 22 април Ђ Денот на планетата Земја, Црвен крст Охрид преку своите волонтери од програмата вГрижа за стари лицаг организираше дефиле со едукативен карактер, низ улиците на Охрид, со цел подигнување на свеста и свртување на вниманието на јавноста кон бројните еколошки проблеми во светот и кај нас.
Меѓугенерацискиот настан ги испрати хуманите и еколошки пораки од бројните волонтери од програмата за Грижа за стари лица, млади волонтери од Клубот на млади и најмладите волонтери од Браинобраин програмата од Црвен крст Охрид кои продефилираа на модна ревија со модели изработени од пластични кеси и со пораки за заштита на животната средина од загадувањето што го предизвикува пластиката.

**5 јуни - Светски ден за заштита на животната средина**
5 јуни - Светски ден за заштита на животната средина беше можност младите и возрасните волонтери од Црвен крст Охрид да направат заеднички активности насочени кон подигање на свеста за заштита на животната средина. Младите од Бреинобреин програмата на Општинска организација Охрид, ученици во ОУ Св.Климент Охридски во просториите на Црвен крст Охрид изведоа едукативна програма упатувајќи силна порака за почит и заштита на природата. Во тие рамки беше прикажан и едукативен спот изработен од волонтерите од Клубот на млади на Црвен крст Охрид, предводени од Анамарија Момироска, а возрасните ги пренесоа своите искуства и подарија еколошки пораки на сите волонтери. Младите, заеднички со волонтерите од програмата за Грижа за стари лица на Општинска организација Охрид, го украсија просторот околу седиштето на Црвен крст Охрид со садење на цвеќиња, а на плочникот пишуваа и цртаа еколошки пораки и содржини.

**Обука за ориентери**
Во периодот 11-13.06.2018 година во х.Солферино во Струга, се одржа обука на 35 ориентери, претставници од општинските организации на Црвен крст. Ориентерите се лица кои најмалку двапати во неделата ќе одржуваат ориентерски сесии за сите заинтересирани потенцијални волонтери, членови или поддржувачи. Со воведување на позицијата ориентер се очекува значително подобрување на бројот и квалитетот на човечките ресурси како и поголема ефикасност во активностите кон целните групи. Претставник на Црвен крст Охрид беше Весна Терзиоска која на крајот од месец декември одржа работилниц со 20 ученици од СОСУ вСв.Климент Охридскиг Охрид.

## ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ

**Обуки за спасители на вода организирани во 2018**
Центарот за безбедност на вода Охрид, во соработка со Одделот за дејствување при катастрофи на Црвен крст на Македонија организираше три обуки за спасители на отворени води и тоа: од 13-20 јуни на Преспанско езеро каде беа обучени и со лиценца за спасител на вода се стекнаа 2 кандидати, во периодот од 18 до 25 јуни во Охрид, на Охридско езеро обучени беа 13 спасители на вода, ина обуката во Струга од 23-30 јуни беа обучени 2 спасители и 3 помлади спасители. Обуките се реализираа под водство на инструкторите и

демонстраторите: Звонко Секулоски, Миодраг Цекиќ,Ристе Филипов, Горан Миланоски, Ненад Ристески, Горан Андоновски, Марија Ристеска, Павлина Спасеска, Владимир Ташкоски, Климент Шајноски, Марија Мечкароска.

**Ангажмани 2018**

Центарот за безбедност на вода Охрид во 2018 година, односно во текот на летната туристичка сезона имаше ангажирано 80 спасители на вода, кои се грижеа за безбедноста на посетителите на 36 капалишта на Охридското и Преспанското езеро. За време на двомесечниот ангажман спасителите на вода имале вкупно 1864 интервенции и тоа28 пати интервенирале на извлекување на активни давеници, и 1836 интервенции на укажување прва помош.

Спасителите на вода на Црвен крст Охрид беа ангажирани и на бројни спортски, културно-забавни и верски манифестации во текот на годината: Водици, Илинденски пливачки маратон, Едриличарска регата, Државно првенство во кајак и кану, музички настани на Охридските ноќни клубови и капалишта...

**Тренинг вежба**

Во периодот од 14-18.05.2018 година во околината на Кресна, Република Бугарија, во организација на Црвен крст Бугарија, се одржа меѓународна тренинг вежба за одговор во случај на поплави каде што присуствуваа претставници на Црвен крст Бугарија, Црвен крст Романија, Црвен крст Унгарија и Црвен крст на Република Македонија. На оваа тренинг вежба свој претставник имаше и Црвен крст Охрид - Марија Ристевска-спасител на вода.

Главна цел на тренингот беше подигнување на капацитетите на волонтерите/претставници на Националните Друштва како и зајакнување на отпорноста, подигнување на ефикасноста во одговорот во случај на катастрофи на регионално ниво и размена на искуства на полето на одговор при катастрофи.

**Јане Петков Ђпливање со врзани раце и нозе, во вреќа**

Во организација на Црвен крст Охрид на 24.07.2018 г. се одржа несекојдневен и атрактивен настан. Јане Петков, од Петрич, Република Бугарија, направи вистински подвиг соборувајќи го светскиот рекорд во пливање врзан во вреќа. Јане Петков за околу 3 часа врзан со синџири на рацете и нозете успеа да преплива 3380 метри, подобрувајќи го значително стариот светски рекорд поставен во Индија од 3071 метар.

**Пливање 25 км во Охридското езеро на малиот јунак Марко Пејчиноски**

Со целосна поддршка на семејството, лекарска екипа и тимот на Црвен крст Охрид на 28.08.2018 година дванаесетгодишниот Марко Пејчиноски направи подвиг за паметење, откако за околу девет часа во еден здив успеа да го преплива Охридското езеро. Тој започна во 9 часот и 30 минути од Св. Наум и излезе како победник во борбата со брановите, силниот северен ветар, немирното езеро и заморот и на градско пристаниште пристигна околу 18 часот и 15 минути и беше пречекан како вистински херој.Подвигот на Пејчиновски уште повеќе добива на тежина бидејќи момчето има доживеано инфаркт на долните екстремитети.

**Пливање во Охридското езеро-Урош Ивановиќ**

Во целосна организација на Црвен крст Охрид на 12 ти август се одвиваше спортски на кој осумнаесет годишниот Урош Иванковиќ од Пирот, Србија, член на нуркачко-пливачкиот клуб ІПиротвја постигна својата цел и својот голем предизвик да плива во Охридското езеро од Св.Наум до Охрид. Урош стартуваше во 9 часот од Св.Наум каде најпрвин му беа извршени потребните медицински прегледи. Во придружба на медицински и спасителен тим Црвен крст Охрид, поддржуван од своите родители и членови на нуркачко-пливачкиот клуб ІПиротв Урош исплива растојание од 26 км од плажата на Св.Наум до градското пристаниште во Охрид за време од 7 часа и 15 минути. Среќен за реализираниот подвиг Урош најави учество и на спортските пливачки манифестации на Охридското езеро, наредната година.

**Единицата за спасување на планинаи непристапни терени**

Ангажманите на Единицата за спасување на планина и непристапни терени пред се беше фокусиран на активностите предвидени со реализацијата на проектот Регионот Охридско езеро - Безбедна дестинација за авантуристички туризам финансиран со средства од ИПА 2 програмата на Европската унија, во рамки на кои

беше набавена софистицирана опрема за спасување на планина и во Охрид беше реализирана заедничка јавна промоција на проектот-опремата со претставници на Европската комисија во Македонија, Министерството за локална самопуправа и представници на општините Охрид, Дебрца и Вевчани.

**Активно учество во Штабот за заштита и спасување при Општина Охрид и РЦУК Охрид**
Во 2018 година, Црвен крст Охрид зеде активно учество во работата на Штабот за заштита и спасување при Општна Охрид и во Регионалниот Центар за управување со кризи РЦУК Охрид.

## МЛАДИТЕ ВО ЦРВЕНИОТ КРСТ

**МЛАДОСТ, КРЕАТИВНОСТ, ЕНЕРГИЈА**
Младите волонтери на Црвен крст Охрид беа вклучени вонајголемиот број активности од сите сфери на делување на Црвен крст Охрид. Нивната посветеност, креативност и енергија беа двигатели на активностите во Црвен крст Охрид. Препознавајќи ја можноста да се изградат како високо морални, совесни и одговорни луѓе, да стекнат нови знаења и вештини од најразлични области, младите масовно пристапуваат и се дел од Црвен крст Охрид. Организирани во Клуб на млади тие даваат драгоцен придонес во развојот на нашата организација.

**Бројни активности на младите**
Младите на Црвен крст Охрид учествуваа во организација и реализација на бројни активности од делот на здравствено-превентивната дејност: врснички едукативни работилници за болестите на зависност, сексуално преносливите болести, подигање на нивото на свеста кај населението за ретките болести. Нашите младинци успеваа навремено да стигнат до најодалечените места за да помогнат со достава на хуманитарни пакети и друга помош на ранливите категории на граѓани. Беа активни учесници во подготовка и реализација на бројни хуманитарни концерти, продажни изложби, спортски хуманитарни настани, едукативни работилници.

**Недела на млади**
По повод одбележувањето на Неделата на млади, која традиционално се одржува во периодот од 1 до 7 октомври, волонтерите од Клубот на Млади при Црвен Крст Охрид на 06.10.2018 јавно ја презентираа работата и активностите на клубот, посебен акцент давајќи на неформалното образование и негување на хуманите вредности. Ова беше одлична можност за нашите млади сограѓани на Градскиот плоштад во Охрид да го посетат штандот на Црвен крст Охрид и дознаат повеќе за можностите за вклученост и учество на младите во општествено одговорните проекти и програми и начините за морално-етичко надградување на своите личности. Младинците уживаа во младоста, дружењето и забавата организирана од младите волонтери од Клубот на млади при Црвен крст Охрид и талентираните музичари од бендот Кукузел составен од волонтери на Црвен крст Охрид.

**ПХВ-Шоу**
Младите на Црвен крст Охрид, на градскиот плоштад Св. Климент Охридски во рамки на проектот IОд 20-ти до 20-ти СИТЕ ВО ОХРИДвна ден 14.01.2018 г. го изведоа музичко-сценскиот перформанс ПХВ-СХОЊ (Промоција на хумани вредности Шоу) со кој преку глума, пантомима и музика ги промовираа културните вредности и испратија порака за хуманост, толеранција и мир.

**Хуманитарни забави**
Младите на Црвен крст Охрид подмотото IТошевонашитесрца, хуманоствонашитеделавго одбележаа роденденот на нашиот голем хуманист Тоше Проески со хуманитарна забава,во кафе барот IШилаг. Младите се потсетија на хуманите дела и безвременските хитови на Проески во изведба на новоформираниот охридски бенд IЛуцks Стрикесв. Средствата собрани од оваа забава се наменети за социјалноз агрозените семејства.

Во текот на месец април волонтерите на Црвен крст Охрид и бројни музички уметници, поединци и групи, имаат свој настап со изведба на познати музички нумери, а волонтерите на Црвен крст Охрид собираат

финансиски прилози за  помош во лекувањето на  15-месечната Мила од Охрид, од оштетувањето (дистрофија) на мозокот.

Во текот на месец јуни се одржаа голем број хуманитарни акции за собирање на финансиски средства за помош на 11 годишната Ева која боледува од леукемија и потребно е да и се изврши итен оперативен зафат за пресадување на коскена срж. Волонтерите на Црвен крст Охрид одржаа бројни хуманитарни свирки, собираа донации и на улиците во Охрид, а собирни каси на Црвен Охрид беа поставени во голем број маркети, кафулиња, ресторани.

Во текот на месец октомври бројни активности и акциис е рпезедоа за собирање на средства за лекување на 15 годишната Сара Настеска кај која беше дијагностицира вАнемија Апластицаг кој ја напаѓа коскената срж и не дозволува правилна регенерација на крвта во организмот.

**Светскиотденнасрцето**
Светскиот ден на срцетоЂ 29 септември е ден на најголемата светска платформа зап одигнување на јавната свест за кардио-васкуларните заболувања вклучувајќи и срцев удар. Оваа година активностите се одвиваа под мотото IМое срце, твое срцев и по тој повод обучени волонтери од Клуб на млади при Црвен крст Охрид одржа врсничк аедукација на тема срцев удар, ангина пекторис и атеросклероза, како и превенција од кардио-васкуларните заболувања. Врсничката едукација со презентацијата се одржа на 24 септември 2018 година во библиотеката во ОСУ IСв. КлиментОхридскиг и во СОСУ IСв. Кирил и Методијв, а учество на работилниците зедоа 82 ученици.

**Учество на кампови и меѓународни средби**
- Во рамки на програмата за млади, двајца претставници на Клубот на млади на Црвен крст Охрид, Ристе Лекоски и Анастасија Стојаноска учествуваа на младинскиот камп во организација на ЦКРМ кој се одржа во јули во Едукативниот тренинг центар на Црвен крст Охрид во Велестово. На кампот се разговараше за предизвиците на младите во рамки на организацијата на Црвен крст и насоки и начини за успешно менаџирање со младите во реализација на календарските активности на Црвениот крст.Се стекнуваа знаења и вештини за организирање на младите во своите клубови, одржување  на состаноци, креирање на активности,ефективно пренесување на информации, подобро запознавање со структурата и активностите на националнотот друштво, поднесување на иницијативи на локално и национално ниво, организирање на млади во училишни клубови и други работи кои се од важност за работата на клубовите на млади. Целта беше да се зајакнат капацитетите на клубовите на млади за поефикасен и поефективен придонес во работата на Националното друштво.
- Во периодот од 17.08-19.08.2018 на покана на  Црвен крст Битола на младинскиот камп во АК Крани на Преспанско езеро учество од Црвен крст Охрид зедоа двајца волонтери Михаил Илијоски и Анамарија Момироска
- Во периодот од 20.08-22.08.2018 на покана на Црвен крст Виница на младински камп во с.Лаки учество од Црвен крст Охрид зедоа двајца волонтери  Франческа Маркулеска и Марија Томеска
- Во периодот од 28.09.2018 до 30.09.2018 на покана на Црвен крст Ужице (Р. Србија) на Годишните Младински средби БРЕ 2018 организирани за млади волонтери од регионот учество од Црвен крст Охрид зедоа двајца волонтери и спасители на вода Илија Врангалоски и Ристе Филипов.
-Во период од 07.12.2018 до 09.12.2018 на покана на Црвен крст Суботица на годишното обележување на Меѓународниот ден на волонтеризмот учество од Клубот на млади зедоа Кирил Тофилоски и Мартина Ѓоршеска
-Традиционално и оваа година волонтерите од Клубот на млади при Црвен крст Охрид ја организираа хуманитарната акција IДаруваме радост за првачињатав која имаше за цел да се собира училишен прибор или финансиски средства со кои се набави училишен прибор за првачињата од социјално загрозените семејства од Охрид и Дебрца.
На 12.09.2018г.на 100тина првачиња во основните училишта во општините Охрид и Дебрца, им беа доделени пакети со училишен прибор обезбедени преку хуманитарни акции реализирани во изминатиот период. Средствата беа собрани со купување вредносни талончиња од младите на Општинска организација Охрид, а

се донираше училишен прибор и во кутии за донации поставени за оваа намена во книжарниците и маркетите во Охрид како и во просториите на Општинска организација Охрид .
Шест волонтери од Црвен крст донираа вкупно 114 училишни прибори во 7 основни училишта (ОУ вСв. Климент Охридскиг Ђ 23, ОУ вДебарца-Дебарцаг Ђ 15, ОУ вБратство единствовг- 15, ОУ вХристо Узуновг Ђ 27, ОУ вКочо Рацинг Ђ 10, ОУ вВанчо Николески - с.ЛескоецгЂ 14, ОУ вЖивко Чинго - с.Велгоштиг Ђ 10).

**ЗА ПОСРЕЌНО ДЕТСТВОПО 12 ПАТ**

Црвениот крст од Охрид и Стоматолошкиот центар ІД-р Баткоскив по дванаести пат ја организираа традиционалната хуманитарна, спортско-рекреативна акција ІЗа посреќно детствов, пред се неменета за младите но и за возрасните. Преку 500 деца од предшкослките установи, основните и средните училишта се дружеа, спортуваа, се забавуваа и уживаа во разновидните спортско-рекреативни, здравствено-едукативни и културно-забавни содржини. Главната трка го означи стартот на оваа акција по која младите го покажаа својот спортски дух натпреварувајќи се во фудбал, баскет, бадминтон, тенис, пикадо, шах, прецизно возење велосипед, скокање со јаже, вртење хулахоп.
Традиционален партнер на акцијата ІЗА ПОСРЕЌНО ДЕТСТВОв Стоматолошки Центар Д-р Баткоски и оваа година подготви голем број награди и изненадувања, како и бесплатни корисни совети и препораки за правилна грижа и заштита на здравјето на устата и забите кај децата и возрасните, а настанот беше поддржан и од Асоцијацијата на спортови ІСпорт за сите-сите за спортв и Сојузот на училишен спорт.
За забавниот дел од програмата се погрижија распеаните ІРибарчињав.Свое катче на градскиот плоштад имаа и младите од Центарот за развивање на животни вештини Бреинобреин-Црвен крст Охрид, како и програмата Детски час за приказни на англиски јазик.
На манифестацијата учествуваа и највозрасните волонтери на Црвен крст Охрид кои ја спроведуваат програмата за грижа за стари лица. Тие го одбележаа 1-ви октомври, Меѓународниот ден на стари лица, со промоција на програмата и дружење со корисниците на програмата. И кај нив не изостана спортскиот дух, па се Іпробаав во практикување на вештини од програмата СМЕА-ЈОГА.
Настанот го модерираше долгогодишниот волонтер на Црвен крст Охрид Даниел Наумоски.
Средствата собрани од продажбата на учеснички броеви за акцијата се наменети за помош на децата со здравствени потешкотии од социјално загрозените семејства во Охрид и Дебарца, а учесничките броеви учествуваа во голема наградна игра со преку 50 вредни награди.

## ЦРВЕН КРСТ ОХРИД - АКТИВНОСТИ ПЛУС

**БОБ**

Центарот за развивање на животни вештини Бреинобреин-Црвен крст Охрид кој веќе 8 години е лидер во едукацијата на младите од 4-14 годишна возраст со Меѓународно признатa и познатата Бреинобреин програма и во 2018 година наниже големи успеси. Сите 57 учесници на ВИ-от Национален БРЕИНОБРЕИН натпревар што се одржа на 21 октомври (недела) во Скопје во конкуренција од 336 натпреварувачи од 19 центри во Македонија, се закитија со одличја, од кои 32 трофеи, 14 златни медаљи и 11 сребрени медаљи, со што уште еднаш се потврди дека Центарот за развивање на животни вештини БОБ-Црвен крст Охрид е најјуспешен во Македонија. Дополнително на тоа е и што најдобриот резултат на овој натпревар го постигна ученик од нашиот центар. Успехот се должи на посветеноста на децата, но и родителите на оваа програма, како и професионалноста и ангажманот на тренерите на оваа програма Валентина Кузманоска, Билјана Николоска и Христина Кузманоска. Успешен настап учениците од 9-10 ниво на БОБ програмата од нашиот центар имаа на првиот Интернационален БОБ натпревар кој од 16-18 март се одржа во Белград, како и на најголемиот Интернационален БОБ натпревар во Дубаи кој се одржа на 24 ноември 2018 година.

**ВДИШИ ТЕАТАР**

Во организација на Црвен крст Охрид се реализира петтото издание на Меѓународниот аматерски театарски фестивал ІВдиши театарв (13-17 јуни 2018 година) на кој учество зедоа преку 50 млади актери-аматери,

волонтери на Црвен крст Ужице, Суботица, Крагуевац, Бар, Битола и Охрид. Тие, преку своите театарски претстави упатија силна порака за мир, хуманост, толеранција и солидарност.
Претставата ІВо фиокав на театарската група на Црвен крст Охрид со која беше отворен четвртиот Вдиши театар, на 26 август 2018 беше прикажана од страна на нашите актери предводени од режисерите на претставата Весна Терзиоска, Јованка Сион Доленц и Емилија Блажеска, на театарската сцена во Бар, Црна Гора

**ТОЕФЛ**
Во 2018 година се реализираа еденпролетен и еден есенски циклус за подготовка за полагање на испитот за англиски јазик ТОЕФЛ кој беспрекорно ги водеше волонтерот на Американскиот мировен корпус во Македонија Ђаде Паррисх.

**ДЕТСКИ ЧАС ЗА ПРИКАЗНИ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК**
Во пролетен и есенски циклус преку 40 деца од 4-6 годишна возраст ја следеа програмата на Црвен крст Охрид ВРЕМЕ Е ЗА КНИГА - ЦХИЛДРЕН СТОРЅ ХОУР. Покрај можноста да слушаат познати приказни на англиски јазик, да ја изразат својата креативност преку изработка на најразлични предмети и фигури, посетителите на програмата во есенскиот циклус, заедно со своите родители и тренерите на програмата реализираа едукативна екскурзија во Скопје каде го посетија Музејот на илузии.
**СИЛНА АЛКА**
Тема на Меѓународната програма СИЛНА АЛКА која се одржа во Бар во организација на Црвен крст Бар од 18-21октомври 2018 година беше ІИнтерна и екстерна комуникација и ефикасност во информирање на јавностав. Ова беше уште една можност учесниците на овој настан од организациите на Црвен крст од Суботица, Ужице, Крагуевац, Требиње, Бар и Охрид. да разменат искуства, вештини и знаења за начините на внатрешна и надворешна комуникација со цел ефикасно спроведување на мисијата на Црвениот крст.

**СМЕА-ЈОГА**
Смеа и јога за здрав живот практикуваа волонтери и членови на Црвен крст Охрид од возрасните групи преку реализација на бројни работилници што под водство на Јорданка Станковиќсе реализираа во Црвен крст Охрид.

## ИНФОРМИРАЊЕ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

**ОТВОРЕНИ И ТРАНСПАРЕНТНИ ПРЕД ЈАВНОСТА**
Активностите кои Црвен крст Охрид ги организираше и реализираше во текот на 2018 беа најавени и објавени и за нив се известуваше во сите локални медиуми, а дел и во националните средства за јавно информирање. Преку јавност и отчетност во нашата работа го креираме имиџот и угледот на Црвен крст Охрид.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**ИНТЕНЗИВНА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
Богатата и интензивна меѓународна соработка на Црвен крст Охрид со сродни организации од странство резултираше со неколку работни посети, размена на искуства и надградба на човечките и материјално-техничките капацитети на организацијата:

- Во рамки на долгогодишната и континуирана соработка на Црвен Охрид со Националниот Здравствен Сервис на Холандија(НХС) во делот на првата помош, на 17.05.2018 г. се реализираше нова донација наменета за тимовите на парамедици на Општинска организација Охрид и на тимовите на спасители од Службата за спасување на планина и непристапни терени при Општинска организација Охрид. Донацијата се состоеше од два ЛИФЕ ПАЦК монитори на кои можат да се следат виталните животни функции во човечкото тело и во случај на потреба да се интервенира со вграден дефибрилатор.Посетата на претставникот на НХС од Холандија Роб Судмајер, кој воедно е и инструктор за прва помош на Црвен крст Зеволде бешеискористена за подготовка на програма за нова обука за парамедици за потребите на Црвен Охрид, која според европските стандарди и под водство на инструктори од НХС од Холандија се реализираше во месец септември 2018 година.

- Реализација на заеднички активности со делгации на организации на Црвен крст од Крагуевац, Ужице, Суботица-Србија, Бар-Црна Гора и Требиње-Босна и Херцеговина: Аматерски театарски фестивал IВдиши Театарв и Меѓународен летен камп IСилна Алкав.
- 25.08 до 28.08.2018 г. Црвен крст Бар беше домаќин на драмскиот театар од волонтерите од Црвен крст Охрид.Оваа посета беше продолжение на дружбата на волонтерите кои учествуваа на фестивалот вВдиши Театарг во Охрид, а главна цел на посетата беше изведување на театарска претстава под името вВо фиокаг пред публиката во Домот на КУлтура во Бар на 27.08.2018г.Организацијата на Црвен крст Бар и Црвен крст Охрид имаат традиционална и интензивна успешна соработка низ која имаат реализирано бројни заеднички активности и разменето корисни искуства.
- 28.09.2018 до 30.09.2018 учество на млади на Годишните Младински средби БРЕ 2018на покана на Црвен крст Ужице (Р. Србија).
- 07.12.2018 до 09.12.2018 учество на млади на годишното обележување на Меѓународниот ден на волонтеризмот на покана на Црвен крст Суботица

## СЛУЖБА ЗА БАРАЊЕ

Службата за барање е посебна служба во Црвениот крст на Република Македонија, чија функција е да ги извршува работите околу известување за жртви од вооружени конфликти и елементарни несреќи со цел лицата заштитени со Женевските Конвенции и Дополнителните протоколи да можат да ги остварат своите права кои се предвидени со тие прописи.

Во текот на изминатата 2018-та година, Службата за барање на Црвен крст Охрид немаше ниту еден регистриран случај за пронаоѓање на семејни врски и воспоставување на контакт.

## МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ

Изразуваме голема благодарност до сите поддржувачи, помагатели и донатори на активностите на Црвен крст Охрид кои во текот на 2018 година со својата хуманости конкретна помош допринесоа за успешна и ефикасна реализација на нашите програми со што се помогна на голем број лица со социјален ризик и здравствени потешкотии.